WWW.UZKN.GOV.MK

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Бр. 03-1810/3
05.06. 2012 год.
Скопје

ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
TRANSPARENCY INTERNATIONAL-MACEDONIA
Бр. 0302/980
12.06. 2012 год.
Скопје

До
ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ
ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
Ул. Наум Наумовски Борче бр.58
1000 Скопје

**Предмет:** Достава на информација

**Врска** : Ваш број 0302/969 од 22.05.2012 година

Согласно член 29 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашите Барања за пристап до информации од јавен карактер заведени под горенаведениот број, Управата за заштита на културното наследство, ве известува за следното:

- Во последните 12 месеци е дојдено до промена на статусот на објекти кои беа заштитени со Решение за утврдување својство на споменик на културата –Урбана целина „ Централно градско подрачје II " во Скопје бр.0804-259/1 од 01.06.1998 г. донесено од Завод за заштита на спомениците на кулурата на град Скопје.

До промена е дојдено согласно предлогот за донесување на акт за престанок на заштитата на споменикот на културата –Урбана целина „ Централно градско подрачје II во Скопје од надлежната НУ Конзерваторски центар Скопје. Имено, НУ Конзерваторски центар Скопје, е надлежна установа за заштита на недвижното културно наследство на подрачјето на градот Скопје и општините во градот Скопје, и согласно своите надлежности има изработено Елаборат за ревалоризација на споменикот на културата –Урбана целина- Централно градско подрачје II во Скопје. Врз основа на изработениот елаборат надлежната установа има поднесено предлог за престанок на заштитата на недвижното културно наследство, - Урбана целина- „ Централно градско подрачје II во Скопје, и Управата за заштита на културното наследство, на ден 23.03.2012 година донесува Решение за престанок на заштитата на

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

недвижното културно наследство, број 18-85. Во прилог ви доставуваме копија од Решението бр.18-85 од 23.03.2012 г.

Ревалоризација е стручно и научно преоценување на вредностите и својствата на културното наследство, во функција на потврдување, проширување, засилување или намалување на дејството на заштитата, вклучувајќи и нејзино изземање или престанување.

Во конкретниот случај, од содржината на самото решение евидентно е кој се причините заради кои е дојдено до промената на статусот на претходно заштитените објекти.

Во врска со четвртото прашањето кое гласи: „Доколку граѓаните биле ослободени од плаќање на данок пред измените, дали се должни да платат данок откако измените стапиле на сила", ве известуваме дека Управата за заштита не може да се произнесе по ова прашање, бидејќи согласно надлежностите определени со Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04, 18/11 и 148/11), Управата не врши ослободување од обврската за плаќање на данок на имот. Имено, во член 127 од Законот за заштита на културното наследство, е содржана декларативната одредба според која имателите на заштитените добра имаат право на даночни, царински и други повластици. За конкретното повластување да не се плаќа данок на имот – согласно одредбите од Законот за данок на имот, надлежни да постапуваат се само стручните служби од општина Центар.

Со почит,

ДИРЕКТОР,

*Паско Кузман*

Прилог: Решение бр.18-85 од 23.03.2012 г.

Изработил: М.Пујаз

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Уп.бр.18-85
23.03.2012 год
Скопје

Управата за заштита на културното наследство орган во состав на Министерството за култура врз основа член 44 став 3 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 115/07 и 18/11) по предлог за донесување на акт за престанок на заштитата на споменикот на културата – Урбана целина - „Централно градско подрачје II" во Скопје со бр.07-101/2 од 17.02.2012 година на НУ Конзерваторски центар Скопје и мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, општината и сопствениците, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**за престанок на заштита на недвижно културно наследство**

1. Престанува заштитата на споменикот на културата – Урбана целина - „Централно градско подрачје II" во Скопје .
2. Со донесувањето на ова решение, престанува да важи Решението за утврдување својство на споменик на културата на недвижното културно наследство – Урбана целина - „Централно градско подрачје II" во Скопје, бр.0804-259/1 од 01.06.1998 година донесено од Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје.
3. Врз основа на ова решение, недвижното културно наследство Урбана целина - „Централно градско подрачје II" во Скопје, се брише од Националниот регистар на културно наследство.
4. Жалбата против решението за престанок на заштита на недвижното културно наследство не го задржува извршувањето на решението.

**Образложение**

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура доставен е предлог за донесување на акт за престанок на заштитата на куќата на споменикот на културата – Урбана целина - „Централно градско подрачје II" во Скопје, бр.07-101/2 од 17.02.2012 година и елаборат за ревалоризација на споменикот на културата – Урбана целина - „Централно градско подрачје II" во Скопје со бр.07-101/1 од 17.02.2012 год., од страна на НУ Конзерваторски центар Скопје.

Предметната целина е настаната во 20-ти век и се наоѓа во централното градско подрачје на град Скопје, на десниот брег од реката Вардар, во општината Центар, Скопје со координати 41M 59' 46.66' N и 21M 55' 57.99" E. Го зафаќа просторот помеѓу реката Вардар, булеварите „Св.Климент Охридски", „Партизански одреди" и

улиците „Димитрија Чуповски", „11-ти Октомври", „Македонија", „Орце Николов" и „27-ми Март" и се наоѓа на следните катастарски парцели: 12012, 12013, 12015, 11974, 11969, 11967, 11962, 11960, 11863, 11872, 11884, 11831, 11655, 11768, 11769, 11793, 11800, 11817, 11859, 11862, 11986, 11847, 11846, 11845, 11842, 11991, 11988, 11865, 11866, 11868, 11889, 11890, 11958, 12030, 11966, 12071, 12047, 13493, 13524, 13490, 13488, 13474, 11832, 11830, 11836, 11835, 11833, 11834, 11838, 11829, 11813, 11814, 11815, 11816, 11818, 11810, 11811, 11809, 11807, 11808, 11801, 11802, 11803, 11804, 11799, 11798, 11819, 11820, 11825, 11826, 11827, 11828, 11821, 11822, 11823, 11905, 11910, 11911, 11886, 11891, 11893, 11869, 11870, 11873, 11880, 11854, 11860, 11855, 11825, 11844, 11990, 11989, 11984, 11985, 11983, 11982, 11953, 11954, 11956, 11955, 11973, 11970, 11966, 11963, 11959, 11962, 11999, 12000, 12070, 12027, 12024, 12021, 12022, 12023, 12020, 12011, 12017, 12018, 12026, 12019, 12029, 12028, 12052, 12064, 12062, 12061, 12059, 12058, 12057, 12060, КО Центар 1. Објектите се во приватна сопственост и во сопственост на РМ.

Својството на споменик на културата на недвижното културно наследство – Урбана целина - „Централно градско подрачје II" во Скопје, е утврдено со решение бр.0804-259/1 од 01.06.1998 година на Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје.

Истото било ставено под заштита поради вредните архитектонски објекти кои имале одредени архитектонски, историски или амбиентални вредности, а претставувале недвижно културно наследство меѓу двете светски војни на просторот на централното градско подрачјена десниот брег на реката Вардар во Скопје.

Во периодот помеѓу двете светски војни, во Скопје се забележува значителна градежна активност и се градат голем број на објекти особено во централното градско подрачје. Во земјотресот од 1963 година бил урнат голем дел од тие објекти.

Најголемиот дел од објектите кои се сочувани и се наоѓаат во границите на споменикот на културата Урбана целина - „Централно градско подрачје II" во Скопје сами по себе се во добра состојба, но истите се опкружени со нови објекти со многу различни габарити и поинаков архитектонски израз. Просторот околу овие објекти е многу деградиран како резултат на несоодветни плански решенија и нивната имплементација, како и внесување на драстично различни архитектонски изрази кои се подоминантни од постојните. Заради сите промени нивните архитектонско стилски и други особености се сериозно доведени во прашање. Исто така на повеќе објекти биле дозволени надградби, изведени со завршни коти, материјали и со фасадна обработка, кои се сосема несоодветни и различни од оние на основните објекти и со тоа ја загрозиле и генералната визура на фасадните линии на блокот, а со што е деградирана вредноста на дел од објектите.

Ревалоризацијата на предметното добро е извршена во ситуација кога истото физички постои, но е во голема мера деградирано при што ги загубило своите клучни изворни вредности, ја загубило автентичноста и карактеристиките, односно вредностите и значењето поради кои било ставено под заштита.

Управата за заштита на културното наследство по увидот во Елаборатот за ревалоризација и документацијата во состав на истиот оцени дека се исполнети условите од член 44 став 2 точка 3 од Законот за заштита на културното наследство што се однесуваат на престанокот на заштитата. Имено според наведената законска одредба, акт за престнок на заштита може да се донесе доколку културното наследство го изгубило значењето поради кое било ставено под заштита.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 44 став 2 точка 3 од Законот за заштита на културното наследство, Управата за заштита на културното наследство, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; II. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289 777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk unkulnas@t-home.mk

Согласно член 40 став 5 од Законот за заштита на културното наследство, жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

Решено во Управата за заштита на културното наследство на ден 23.03.2012 год. под број 18-85.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерството за култура во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ДИРЕКТОР,**

***Паско Кузман***

Доставено до:

- НУ Конзерваторски центар Скопје;
- Општина Центар;
- Сопствениците;
- Агенција за катастар на недвижности на РМ;
- Досие;
- Архива.

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk